**Димитрие Дурацовски**

# НА АВТОБУСКА, МИРЈАНА...

Се викаше Мирјана - девојчето кое таа ноќ го испраќав на старата автобуска станица, кај привремената барака во која што се наоѓаше билетарницата наспроти зградата на општината, една голема кутија во форма на ќибрит со многу прозори - Мирјана Николиќ, тоа мало убаво девојче, се прашував дали има 16 години, но не ја прашав, и никогаш тоа не го дознав, неважен факт во ноќта кога ја испраќав Мирјана а тоа беше нашата прва и последна средба, *таква* средба, под големите багреми кај старата автобуска станица, на неколку чекори од Мостот, ми рече претпладнето на плажата кај кабините, "овој ден ми е последен овде" и уште "ако сакаш да се збогуваме дојди на автобуска станица вечерва, автобусот тргнува во 4 наутро, со сестра ми ќе се одјавиме од хотелот денес, да не плаќаме за едно ноќевање, ќе се спакуваме и со багажот ќе го чекаме автобусот таму".

Момчињата и девојчињата ја имаа запоседнато плажата, стапка слободно место немаше на ситната песок, само под канадските тополи кои правеа огромни сенки, некои играа карти, други спиеја, имаше многумина, посебно девојки кои читаа книги, легнати на големи фротирски крпи, ги имаше секакви, но нас, локалните момчиња не интересираа само девојчињата дојдени од другите градови, тие беа наш објект на копнеж, мојот копнеж беше малата белграѓанка Мирјана, со долга права црна коса, со црвени полнички усни а и самата нејзина фигура, сеуште фигура на девојче во раст беше некако полничка, обла, не, не дебела но така, почувствував гледајќи ја дека кога би ја допрел би ја почувствувал таа нејзина облост, облина, ми се чинеше дека ја чувствувам, замислувајќи си, нејзината мекост, имаше бела кожа и скоро формирани, убави неисончани бели мали гради, ги видов, кришум засрамен со наведнат поглед додека таа го соблекуваше горниот дел од мокриот бикини, го префрли преку ѕидчето од кабината но

тоа беше ниско ѕидано и кога го направи тоа движење со раката, ги откри градите кон мене, ми се пристори во тој миг дека гледам две убави мали бели топли мачиња, и си помислив колку би било убаво да можам да си поиграм со нив. Нејзе и беше интересно да седи на клупите кај кабините со мене. Не ги сакаше наметливите момчиња, и беа глупави нивните изветвени фрази со кои се обидуваа да им се додворат на девојките, глупави беа навистина до бескрај, но сите не мислеа така, имаше и такви кои паѓаа на нивните провинциски трикови. Сакаше таа мала Мирјана така, само да седи со мене, ми велеше одвреме навреме, по долгите паузи молчење, да и кажувам какви се луѓето овде, каква музика сакам, дали сум пробал џоинт, дали ја обожавам Џенис Џоплин бидејќи таа да, кој актер ми е омилен, која книга летото сум ја прочитал, дали имам девојка, кои предмети на училиште ги мразам, со каков успех ја завршив годината, како ми се викаат другарите, дали сум бил во Белград, дали сум бил во странство, имаше милион прашања за мене таа мала Мирјана а јас растреперен одговарав на нејзините прашања кои таа толку упорно ми ги поставуваше, ме облеваа реки пот, не од пеколното сонце кое пржеше безмилосно туку од невозможната задача да одговорам на тие нејзини неверојатни прашања. Во блиското бифе купував студена “Кокта”, за неа и за мене, се пребројував дали имам доволно динари, го пиевме потоа разладениот пијалок кој имаше вкус на шипинки и горен шеќер и молчевме се до новите рафали кои доаѓаа безмилосно и ме ставаа во искушение, да останам или да си заминам но магнетизмот кој го ширеше малата Мирјана не ми дозволуваше да се помрднам од самото место. Кого го обожаваш повеќе.... ќе почнеше пак со нова серија прашања, една игра во летните денови која не и беше туѓа, ја играла таа, помислив, со многумина, не и е ова првпат, којзнае колку момчиња има вака измачувано... кажи кого, Битлси или Стоунси, онаа стара и никогаш разрешена дилема која и сега, во овие поодминати години, луѓето од таа генерација се уште не ја разрешиле, Битлси или Стоунси, една неразрешлива дилема за која немаше нормално објаснување, никој не знаеше зошто едните а не другите. И секогаш што и да речев, таа ќе беше за оние другите, ако мене ми се допаѓаше Џин Сиберг нејзе и се допаѓаше Анук

Еме, понекогаш беше спротивното. Цело попладне ја игравме играта која се играше според нејзините правила, додека сонцето не почна да заоѓа и западното руменило го облеа Езерото, тогаш се празнеа плажите, си заминуваа разголените мажи и жени, поцрнети од сонцето, некои поцрвенети дури и изгорени по кожата, невнимателни глупави туристи, помислуваа гледајќи ги и жалејќи ги, луѓето од градот.

И на заминување ми го повтори истото, да одам вечерта на автобуска ако сакам, со сестра и ќе отпатуваат, им заврши одморот, автобусот тргнува во 4 утрото, тие ќе ј.а откажат собата во хотелот, ќе го донесат багажот во автобуската чекална и ќе бидат во паркот пред автобуската станица.

Па како е тоа возможно, помислив, на раб на плач, па таа ќе си замине вечерва, што правев јас цело време, сиве овие денови, само седев со неа, до неа, ништо, ни допир, ништо, ништо, таа, таа, повторував и чувствував како солзи ми навираат на очите. Се затрчав по скали, влегувајќи како виор дома, не сакав никој да ме види, ниту пак јас сакав да видам некого – а кого можев да видам, мојата мајка која можеби и не беше тука, можеби беше излегла да купува и мојата сестра која имаше десет години и ако беше тука веројатно си играше и сигурно не и беше нешто многу гајле за страдањата на нејзиниот брат. А ти не беше тука, ти, ти, ти кој требаше токму сега и токму овде да си до мене, ти, ти, да ми кажеш нешто, збор два кој би ми ги олесниле моите пеколни страдања. Знам, знам дека ќе се смееше но немаше тоа да го правиш пред мене, да не ме навредиш, да не им се потсмевнеш на моите чувства, но сепак ќе се смееше на моето глупаво страдање, но да беше тука ќе ми ги кажеше оние зборови кои ќе ме утешеа за миг, ќе ми ја кажеше волшебната формула која ја знаат сите татковци и им ја кажуваат на своите напатени и безнадежно вљубени синови. Но ти не беше тука, не беше тука веќе шест години и нема да си тука до крајот на сите денови но тоа мене не ми е важно, важно ми е и се лутам што не си тука сега, во мигов, додека ме обзема нечуено страдање, една состојба која никогаш дотогаш не сум ја почувствувал. Како е возможно, помислив, лежејќи на креветот во мојата соба, гледајќи со празен поглед во белиот таван на собата, илјада пати

бесмислено повторувајќи како е тоа возможно, па ние само си разговаравме, сите изминати денови, таа беше подготвена само за разговор, јас ја подѕирнував одвреме навреме, кога се соблекуваше во кабината, не, не, не го правев тоа намерно, само тогаш кога таа ќе се наведнеше а потоа ќе се исправеше префрлајќи го со едно движење на раката мокриот костум за капење преку ѕидчето, тогаш ќе ги видев нејзините две бели меки убави малечки мачиња, подготвени за палава игра и ја гледав, во моите мисли и подолу од меките мачиња, нејзиното мало мазно тело, и стомакот и подолу, оние непоимливи предели на женското тело, толку далечни и недофатливи во тој миг за едно дете кое стои покрај тој ѕид и молчи, стиснато и изгубено во волшебниот летен ден кој полека гасне додека сенките на големите канадски тополи се издолжуваат. Веселиот џагор на луѓето полека стивнува, се што до тој миг беше раздвижено замира, плажата останува пуста, очајно празна и некако истрошена, непотребна без луѓето, ако си ги видел некогаш оние слики на Кирико, ќе се сетиш за што ти зборувам. Но тоа чувство додека ја гледаш плажата трае кратко, до утредента кога пак се ќе биде исто како вчера и како сите изминати летни денови и години и се ќе се врати во својот вообичаен ред и поредок.

И да знаеш, ти го кажувам ова тебе, никому досега не сум му го кажал, само сега на тебе отсутниот, отидов таа вечер таму, на автобуската станица, и таа беше таму и ме чекаше, сама беше, нејзината сестра отишла некаде со некого, после разбрав дека отишла да се види со Филип, едно момче со кого се забавуваше тоа лето, имаше уште многу време додека нивниот автобус дојде. Не губеше време во разговор, како во сите дотогаш поминати денови, не, беше како виор, во див занес, таа мала фурија уште кога ме виде дека доаѓам, ме повлече за рака во темнината во паркот покрај големиот багрем, и така накрепени, јас на него а таа на мене, но не се случи ништо повеќе од она што многу години подоцна, еден писател, Пајиќ ќе го стави како наслов на еден свој расказ, една иронична реплика на романот на Басара, “Пекинг во ноќта” - прочуениот злобен наслов: *Petting by night*, тоа се случуваше таа ноќ

додека го чекавме автобусот на Мирјана со кој  таа треба да си замине од мојот град и од мојот живот, засекогаш.

Но нема да продолжам да раскажувам, уште само збор – два ќе ти кажам. Кога си отидов дома во зорите, откако си замина нивниот автобус, кришум се качив во мојата соба, се гледав во огледало, целиот црвен во лицето, и вратот си го гледав, толку ме беше крвнички искасала што утредента кога седнав да појадувам, не можев никако да и објаснам на мама “зошто добога на овие горештини сум облекол ролка” а јас морав да лажам дека нешто ме боли грлото и како да ми студи, веројатно имам треска.

Оваа далечна микроситуација беше мојот ненапишан одговор на мејлот на Ирена, кога и кажав дека ја сонував, побара да и го раскажам сонот, чудно, некако ултимативно подвлечено и болдирано барање, а тој сон беше поврзан со овој настан од моето детство, засекогаш запаметен, мала траума, лузничка која не се избришала ни до ден денешен, гледаш и самиот. Но ти го кажувам само тебе, бидејќи ти беше виновникот, навистина тебе ти ја фрлав целата вина за се што ми се случуваше, но најточно е и најпрецизно, не тебе,  туку на твојата конечна отсутност, која ме фрлаше во очај, твојата неприсутност, твоето ненадејно исчезнување, нема да веруваш но јас дури и се срамев, тогаш десетгодишен, од моите другари, незнам зошто го имав тоа проклето чувство на срам, но ете, не сум го заборавил дури ни по четириесет години.

На Ирена и го напишав ова, се разбира не раскажувајќи и го сонот, се извлекував дека има премногу бесрамности, дека е непристоен а јас по природа сум срамежлив човек. Слушни само што и напишав:

“Date: Wed, 22 Feb 2006 09:45:26 +0100

Reply-To: <augur@freemail.com.mk>

To: "Irena" <irenamirjana@yahoo.com>

Subject: Kako shto...

---

Како што се договоривме, седнав да ти напишам меил и да ти го раскажам сонот, иако се колебав, има некои опсцености а јас сум срамежлив, но бидејќи тоа беше поврзано со една Мирјана од една далечна година, и бидејќи е залудно соновите да ги објаснуваме со некаов рационален клуч, наместо раскажан сон, тоа отиде некаде по други патишта, а сето тоа, за да се објасни секунда-две од виден сон, се случии седење пред компјутер добри два три часа, и неколку странички текст кој треба да продолжи, она што се вика и приквел и сиквел, и пред и потоа, дел од едно замислено цело.
Зборувавме денес со Ставре и со Ирина додека пиевме кафе, поведовме разговор за разни работи, од типот на никого не му е погодено и лесно, реков дека ми е многу тешко, чуувствувам како ме притиска, во градиве, тоа е нешто што постои во мене, толку многу работи се насобрани и наталожени и јас упорно од ден во ден го правам истото, само нешто се подготвувам да се ослободам од нив. Па сликај, вели Ставре. Но не ми е до сликање, тоа би било најлесно но нема да помогне. Во прашањеe се зборови, мисли, чувства, емоции кои ме преплавиле и ме гушат, затоа чувствувам некој страшен притисок во градиве, нешто што е наталожено и треба, како во видениот сон, да го искашлам и да го исплукнам.
Мртов татко, неродени деца, одбивање блискост, одбегнување интимност, непристанување - милион неискажани зборови, запретани и потиснати чувства - како со сето тоа во себе човек да живее нормално или барем донекаде нормално ?
Но од каде дојде ти, за да го слушаш ова?
Д.

Ти се чини глупаво? Патетично можеби и премногу банално или можеби дури и одвратно?
Гледаш ли? Те спомнав и тебе – ти си мртвиот татко.